# библиотеки

## Banyule

**Ivanhoe**
255 Upper
Heidelberg Road
Ivanhoe 3079
Телефон 9497 5780

**Rosanna**
72 Turnham Avenue
Rosanna 3084
Телефон 9459 6171

**Watsonia**
Ibbottson Street
Watsonia 3087
Телефон 9435 2397

## Nillumbik

**Diamond Valley**
Civic Drive
Greensborough 3088
Телефон 9434 3809

**Eltham**
Panther Place
Eltham 3095
Телефон 9439 9266

## Whittlesea

**Lalor**
May Road
Lalor 3075
Телефон 9465 2353

**Mill Park**
394 Plenty Road
Mill Park 3082
Телефон 9437 8189

**Thomastown**
52 Main Street
Thomastown 3074
Телефон 9464 1864

## Регионални служби

Библиотека дома
Outreach Library

Мобилна библиотека
Распоредот е достапен во сите библиотеки или на интернет.

**Продолжување**
По телефон 24 часа во денот, 7 дена во неделата
9401 0777

**Поминат рок**
Телефон 9401 0750

**Услови за користење**

Кога ќе се запишете во библиотеката, вие како корисник или ако гарантирате за некого, ги прифаќате следните услови:

Ги прифаќате следните правила на Yarra Plenty Regional Library.

- Да се однесувате со внимание и љубезно кон другите корисници на библиотеката кога сте во библиотеката.
- Одговорност за позајмените предмети додека да се вратат на библиотеката и обработат од страна на вработените во библиотеката.
- Одговорност за избор на позајмените предмети од страна на лице под 18 години.
- Одговорност за користењето на интернет во библиотеката за корисниците под 18 години.
- Да го платите надоместокот за изгубени или оштетени предмети додека се позајмени, не вклучувајќи го оштетувањето од нормално користење.
- Да ја известите библиотеката веднаш ако членската картичка е изгубена или украдена.
- Да ја известите библиотеката во рок од 7 дена ако го смените името или адресата.

# јавете ни се

**Општи прашања**
9408 7888

**Продолжување по телефон**
9401 0777

**Интернет адреса**
www.yprl.vic.gov.au

**Поштенска адреса**
Bag 65 Bundoora 3083

Yarra Plenty
REGIONAL LIBRARY

# информира образува инспирира поврзува

www.yprl.vic.gov.au



Banyule CITY COUNCIL | City of Whittlesea | NILLUMBIK THE GREEN WEDGE SHIRE

*Public library service to the Cities of Banyule, Whittlesea and the Shire of Nillumbik*

*Macedonian*

# добредојдовте во локалната библиотека

## Зачленување во библиотека

Yarra Plenty Regional Library обезбедува библиотекарски услуги за Cities of Banyule, Whittlesea и Shire of Nillumbik. Можете да позајмите и вратите предмети во било која од овие библиотеки.

Зачленувањето во библиотеката е лесно – може да се направи на интернет или во една од библиотеките. Треба само да ни покажете документ со вашето име и адреса. Ако сте помлади од 18 години потребен е и потпис од вашиот родител или старател.

## Љубезен персонал

Нашиот персонал е љубезен и подготвен да помогне. Ќе ви помогнеме да најдете информации или добра книга за читање. Можеме да ви покажеме како да користите интернет и нашиот каталог.

## Програми и активности

Нашите библиотеки организираат многу програми и активности – пријавете се за нашиот весник на линија или погледнете на нашата интернет страна што е најново. Редовните настани вклучуваат Bookaroo, време за предучилишни приказни, активности за време на училишните распусти, помош со домашните задачи, интернет класови и разговори за книгите.

## Членска картичка

Членската картичка ви овозможува да позајмите до 30 предмети за време од 3 недели. Може да го продолжите времето на позајмените работи (два пати ако не се барани од други членови) по телефон или на линија 24 часа во денот, или во една од библиотеките. Ако ја изгубите картичката или ви е украдена треба да не известите колку што е можно побрзо. Известете не и ако го смените името, адресата, електронската пошта или телефонот, за да можеме да ве контактираме ако е потребно.

## Посебни услуги

Посебните услуги вклучуваат испорака дома за оние кои не можат да ја посетата библиотеката заради онеспособеност, изнемоштеност или болест; и мобилни услуги до старските домови и центри за живеење со помош. Постои мобилна библиотека која посетува определени области. Во некои библиотеки има и соби за состаноци и мултимедиа.

## Информации

Ние обезбедуваме информации во самите библиотеки и на линија. располагаме со широка колекција на информации на линија и можеме да одговориме на вашите прашања лично, преку телефон или по електронска пошта или разговор на интернет.

## Компјутери

Компјутерите се расположиви во сите наши библиотеки и мобилни библиотеки за барање информации, пристап кон е-пошта или пишување на компјутер. Нема потреба да резервирате, меѓутоа ви треба членската картичка за да се пријавите.

## Јазици од заедницата

Материјали на јазиците од заедницата се достапни во многу библиотеки.

Располагаме со материјали на македонски јазик, а исто така и на:

- Арапски
- Кинески
- Хрватски
- Француски
- Германски
- Грчки
- Италијански
- Малтески
- Полски
- Српски
- Шпански
- Турски
- Виетнамски

## PIN број

Заради заштита на вашата приватност од сите корисници се бара да изберат PIN (personal identification number) кога се зачленуваат во библиотеката. Овој број ќе ви треба заради пристап кон информации на нашата интернет страна, како и за користење на компјутер во библиотеките. Препорачуваме редовно да го менувате PIN бројот заради додатна заштита, преку интернетот на библиотеката. Следете ја врската од User Services до User PIN Change.

Персоналот на бибилотеката ќе биде среќен да ви помогне.

## Такси и трошоци

Повеќето услуги на библиотеката се бесплатни.

Исклучок се:

- таксите за задоцнети предмети
- изгубена членска картичка
- изгубени предмети
- позајмувања помеѓу библиотеки
- печатење
- фотокопирање
- надокнада на долг

